РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Бр. 24-6021/1
29.11.17 20 год.
СКОПЈЕ

78/1

09-606
29.11. 20 17 год.
КУМАНОВО

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија„ бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16 и 189/16), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – варовник на Друштвото за градежништво, трговија и услуги Козјак АД Куманово на локалитетот "Краста", општина Куманово бр.44-4459/1 од 29.08.2017 година (Службен весник на Република Македонија бр.121/17) и членот 23 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот "Краста", општина Куманово бр.24-5683/1 од 13.11.2014 година,

**1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**застапувана од Министерот за економија**
**Kreshnik Bekteshi (во понатамошниот текст: Концедент) и**

**2. Друштвото за градежништво, трговија и услуги Козјак АД Куманово,**
**со адреса на ул.3-та Македонска ударна бригада бр.45 Куманово, Република Македонија,**
**застапувано од лицето Миомир Краљевски, (во понатамошниот текст: Концесионер),**

**на ден __________ 2017 година во Скопје, склучија**

# АНЕКС
# НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА- ВАРОВНИК НА ЛОКАЛИТЕТОТ "КРАСТА", ОПШТИНА КУМАНОВО

## Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина- варовник на локалитетот "Краста", општина Куманово бр.24-5683/1 од 13.11.2014 година, членот 3 се менува и гласи:

**„Член 3**
**Рок на важење на концесијата**

Концесијата од член 2 на овој договор се доделува за период од 15 (петнаесет) години".

## Член 2

Како почеток на важење на рокот од членот 1 од овој анекс на договор се смета денот на потпишувањето на овој анекс на договор.

**Член 3**

Овој анекс на договор е составен во седум (7) еднообразни примероци, од кои по 6 (шест) примероци за Концедентот и по 1 (еден) примерок за Концесионерот.

**Член 4**

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина- варовник на локалитетот "Краста", општина Куманово бр.24-5683/1 од 13.11.2014 година.

**Член 5**

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина- варовник на локалитетот "Краста", општина Куманово бр.24-5683/1 од 13.11.2014 година остануваат во сила, непроменети.

| За Концедентот | За Концесионерот |
|---|---|
| **ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** | **Друштво за градежништво, трговија** |
| **МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА** | **и услуги КОЗЈАК АД Куманово** |
| **Kreshnik Bekteshi** | **Миомир Краљевски** |

Изработил: Снежана Трајановска-Богоева
Контролирале: м-р Јетон Кучи
д-р Ејуп Љатифи
Согласен: Зоран Павловски